**Република Северна Македонија**
**Центар за управување со кризи**
**Број** 08-118/5 **од** 12-01-2026 **2026 година**
**Скопје**

Врз основа на член 52 став (1), став (2) и став (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018), в.д. директорот на Центар за управување со кризи донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник во Центар за управување со кризи

1. Административниот службеник **Сара Барути**, по пат на интерен оглас број 02/2025 за работно место број 1, се избира на работно место УПР 01 01 В01 000 - Советник за анализа и аналитика на податоци и перформанси, во Сектор Е-112, во Одделение за обезбедување квалитет на Секторот Е- 112, еден (1) извршител;

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за работно место број 1, со архивски број 08-118/3 од 12.01.2026 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-53333/12 од 31.12.2025 година, в.д. директорот на Центар за управување со кризи упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси за објавување на Интерен оглас за унапредување на административен службеник во Центар за управување со кризи со архивски бр. 08-1014/16 од 26.12.2025 година. Секторот за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Центар за управување со кризи, на ден 29.12.2025 година на веб страната на Центар за управување со кризи и на веб страната на Агенција за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување со архивски број 04-118/1 од 09.01.2026 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работното место со реден број 1 од интерниот оглас и одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за

систематизација на работни места во Центар за управување со кризи. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник за работно место со реден број 1 со архивски број 08-118/2 од 12.01.2026 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски број 08-118/3 од 12.01.2026 година, изготвија Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, која е составен дел на Записникот за работа на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски број 08-118/3 од 12.01.2026 година.

Врз основа на ранг листата, в.д. директорот на Центар за управување со кризи донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Комисијата на Агенција за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на web страната на Центарот за управување со кризи.

**В.Д. ДИРЕКТОР/U.D. DREJTOR**

**Muhamet Ali**

Доставено до:
- именуваниот
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архива